*Универзитет Скопје*
*Број 02-87/2 год.*
*24.04.2023*
*Скопје*

Врз основа на член 148, став 1 од Статутот на Универзитетот Скопје, согласно член 94 став 1, алинеја 16 и член 184 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на ден 24.04.2023 година, ја донесе следната

## *ОДЛУКА*
### *за доделување на титулата ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESOR HONORIS CAUSA) на Универзитетот Скопје*

1. На професор **Миглена Петрова Темелкова-Бакалова** и се доделува титула **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР *(PROFESOR HONORIS CAUSA)*** на Универзитетот Скопје поради нејзиниот особен придонес за развојот на високото образование во Република Северна Македонија.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на титулата ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР *(PROFESOR HONORIS CAUSA)* да се официјализира на свечена промоција, која ќе се одржи на 12.05.2023 година на Универзитетот Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на член 148, став 1 од Статутот на Универзитетот Скопје, согласно член 94 став 1, алинеја 16 и член 184 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за информатика на Универзитетот, на седницата одржана на ден 24.04.2023 година, донесе одлука како во диспозитивот, земајќи го предвид и ценејќи го досегашиот богат и разновиден професионален ангажман на проф. д-р Миглена Петрова Темелкова-Бакалова. Професор Темелкова има завршено додипломски студии по Финансии и постдипломски студии по Право, специјалност Меѓународно трговско право и меѓународен бизнис. Проф. д-р Темелкова има специјализирано и на Џорџтаун Универзитетот во Вашингтон во 2014 година. Во 2008 година се има стекнато со научен степен Доктор на науки во областа на организацијата и менаџментот во производство на Техничкиот Универзитет во Варна. Од 2008 до 2010 година работи како главен асистент, а за доцент е избрана во периодот од 2010-2014 година на Слободниот Варненски Универзитет и на Универзитетот за телекомуникации и пошти во периодот 2016-2017 година. Избрана е за редовен професор на Универзитетот за телекомуникации и пошти – Софија од 2017 година во професионалната област 3.7 Администрација и менаџмент. Избрана е за Проректор на Универзитетот во периодот од 2017-2019 година, а за Ректор на Универзитетот за телекомуникации и пошти во 2019, како најмлад Ректор во Бугарија и една од првите жени-Ректорки. Проф. Темелкова има активна улога во формирањето на бугарската политика на полето на високото образование. Со нејзината активна професионална и општествена позиција е баран партнер, советник и аналитичар од областа на високото образование од страна на институции, политички партии и медиумите. Фокус на Проф. Темелкова во последните 15 години е создавање на млади бизнис лидери. За таа цел, проф. Темелкова е креатор на Меѓународната годишна летна академија за лидерство на УТП на која учествуваат еминентни политичари, бизнисмени, академски лидери за да ги споделат своите искуства со истакнати студенти од балканските земји. Професор Темелкова е автор на преку 100 публикации, научни трудови и проекти на полето на лидерството, контролата, корпоративното управување, сајбер-физички производни системи, smart & additive manufacturing.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

**Претседател на Сенат**
**проф. д-р Дејан Наковски**